СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 65 | Год. LXV | Вторник, 26 мај 2009 | Цена на овој број е 120 денари

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
1110.	**Уредба** за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за локалните установи во културата во 2010 година.....	2
1111.	**Уредба** за методологија за утврдување на критериумите за распределба на наменските дотации за локалните установи во културата во 2010 година	3
1112.	**Одлука** за начинот и постапката за остварување на надоместокот за закупнина на стан.....	3
1113.	**Одлука** за давање согласност на Статутот на Агенцијата за регулирање на пазарот на железничките услуги.....	4
1114.	**Одлука** за давање на користење на недвижна ствар на Агенцијата за регулирање на пазарот на железничките услуги.....	4
1115.	**Одлука** за изменување на Одлуката за престанок на користење и за давање на користење на дел од недвижна ствар во државна сопственост – градежно земјиште.....	5
1116.	**Одлука** за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовна активност во Одеса, Украина.....	5
1117.	**Одлука** за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовна активност во Република Србија.....	5
1118.	**Одлука** за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовна активност во Киев, Украина.....	5
1119.	**Одлука** за давање на времено користење на движни ствари без надомест..	6
1120.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар..	7
1121.	**Одлука** за утврдување на трговските друштва од посебно значење за работа во кризна состојба.....	7
1122.	**Лиценца** за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб.....	8
1123.	**Решение** за формирање на Комисија за заштитни мерки.....	9
1124.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност.....	10
1125.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност.....	10
1126.	**Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата.....	10
1127.	**Одлука** од Академијата за обука на судии и јавни обвинители.....	12
1128.	**Објава** за стапката на трошоците на живот и платите за месец април 2009 година.....	12
	Огласен дел.....	1-36

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1110.

Врз основа на член 12, став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04 и 67/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.05.2009 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА БЛОК ДОТАЦИИ ЗА ЛОКАЛНИТЕ УСТАНОВИ ВО КУЛТУРАТА ВО 2010 ГОДИНА

Член 1

Со оваа уредба се пропишува методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за локалните установи во културата, по општини и за градот Скопје во 2010 година.

Член 2

Согласно со Буџетот на Република Македонија за 2010 година во раздел 18010, Потпрограма А2 - пренесување на надлежностите на ЕЛС, на ставка 443 ќе се врши финансирање на локалните установи во културата, преку блок дотации.

Член 3

Средствата утврдени во членот 2 од оваа уредба наменски се распределуваат на општините и на градот Скопје за локалните установи во културата, на кои тие им ги презеле основачките права, согласно со Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05 и 48/07).

Член 4

Средствата определени како блок дотација во културата за 2010 година се утврдуваат на ниво на средствата кои се користат за таа намена, во претходната година од годината во која се пренесува соодветната надлежност.

Распределбата на средствата од блок дотацијата за културата се врши според следниве критериуми:

- Материјални трошоци за локалните установи во културата за: затоплување, електрична енергија, водовод, канализација и ѓубретарина, како и осигурување на имотот на установите по цени утврдени со полисите за осигурување.
- Програмски активности на локалните установи од областа на библиотекарството, музичката и сценско-уметничката и музејската и кинотечната дејност.
- Средства за бруто плати за вработените во локалните установи од областа на културата по општини: платите во установите од областа на културата се одредуваат согласно со Колективниот договор за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/05 и 35/06) и Спогодбата за утврдување најниска плата за најнизок степен на сложеност склучена помеѓу Министерството за култура и Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК и според колективните договори склучени на ниво на работодавец во установите од областа на културата.

Распределбата на средствата од блок дотацијата за културата по општини се врши според формулата:

ВБДк = ∑ БДо каде о = 1,2,..... ,z
БДо = Ибпо + НДКо
Ибпо = (М х ∑ Ибплуо)
НДКо = ∑ НДКЛУо
НДКЛУо = ТСУЛУо + ТПАКЛУо
ТСУЛУо = КУЛУо + ОСЛУо
КУЛУо = ТЕЕЛУо + ТВЛУо + ТЗАТЛУо
ТЗАТЛУо = ТДЛУо + ТТГЛУо + ТЦГЛУо
ТПАКЛУо = ПАКб + ПАКмсуд + ПАКмкд

ВБДк – вкупна блок дотација за култура,

z – број на општини што се финансираат со блок дотации,

БДо – вкупна блок дотација за општина,

НДКо –наменска дотација за култура за општина,

Ибпо – износ за бруто плати за вработените во општината,

М – број на месеци во годината во кои општината ќе се финансира со блок дотации,

Ибплуо – износ за бруто плати за вработените во локалните установи од областа на културата во општината,

НДКЛУо - наменска дотација за култура за локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

ТСУЛУо – трошоци за стоки и услуги за локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

КУЛУо – комунални услуги на локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

ТЕЕЛУо – трошоци за електрична енергија за локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

ТВЛУо– трошоци за вода за локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

ТЗАТЛУо - трошоци за затоплување за локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

ТДЛУо - трошоци за дрва за локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

ТТГЛУо - трошоци за течни горива за локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

ТЦГЛУо - трошоци за централно греење за локалните установи од областа на културата од градот Скопје,

ОСЛУо – осигурување на недвижности и права за локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

ТПАКЛУо - трошоци за програмски активности од областа на културата за локалните установи од соодветната општина,

ПАКб – трошоци за програмски активности на локалните установи од областа на библиотекарството,

ПАКмсуд – трошоци за програмски активности на локалните установи од областа на музичката и сценско-уметничката дејност,

ПАКмкд – трошоци за програмски активности на локалните установи од областа на музејската и кинотечната дејност.

Член 5

Средствата за блок дотации за установите од културата ќе се насочуваат по општини и за градот Скопје од Буџетот на Република Македонија преку Министерството за култура, според динамика договорена со Министерството за финансии.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1.01.2010 година.

Бр.19-2116/1
19 мај 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Ивица Боцевски, с.р.

1111.

Врз основа на член 45 став 2 алинеја 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04 и 67/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.05.2009 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИТЕ ДОТАЦИИ ЗА ЛОКАЛНИТЕ УСТАНОВИ ВО КУЛТУРАТА ВО 2010 ГОДИНА

Член 1

Со оваа уредба се пропишува методологијата за распределба на наменските дотации за локалните установи во културата, по општини во 2010 година.

Член 2

Со Буџетот на Република Македонија за 2010 година во раздел 18010, Програма А2-пренесување на надлежностите на ЕЛС, на ставка 442, се утврдува наменска дотација за локалните установи во културата.

Член 3

Средствата утврдени во членот 2 од оваа уредба наменски се распределуваат на општините за локалните установи во културата, на кои тие им ги презеле основачките права, согласно со Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05 и 48/07).

Член 4

Средствата определени како наменска дотација за 2010 година се наменети за:

- материјални трошоци на локалните установи во културата за: затоплување, електрична енергија, водовод, канализација и ѓубрарина, како и осигурување на имотот на установите по цени утврдени со полисите за осигурување,
- програмски активности на локалните установи од областа на библиотекарството, музичката и сценско-уметничката и музејската и кинотечната дејност.

Распределбата на средствата од наменската дотација за материјални трошоци во установите од културата е според формулата:

ВНДК = ∑ НДКо каде о = 1,2,..... ,х
НДКо = ∑ НДКЛУо
НДКЛУо = ТСУЛУо + ТПАКЛУо
ТСУЛУо = КУЛУо + ОСЛУо
КУЛУо = ТЕЕЛУо + ТВЛУо + ТЗАТЛУо
ТЗАТЛУо = ТДЛУо + ТТГЛУо + ТЦГЛУо
ТПАКЛУо = ПАКб + ПАКмсуд + ПАКмкд
ВНДК – вкупна наменска дотација за култура
НДКо – наменска дотација за култура за општина
х – број на општини што се финансираат со наменски дотации,

НДКЛУо - наменска дотација за култура за локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

ТСУЛУо – трошоци за стоки и услуги за локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

КУЛУо – комунални услуги на локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

ТЕЕЛУо – трошоци за електрична енергија за локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

ТВЛУо– трошоци за вода за локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

ТЗАТЛУо - трошоци за затоплување за локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

ТДЛУо - трошоци за дрва за локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

ТТГЛУо - трошоци за течни горива за локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

ТЦГЛУо - трошоци за централно греење за локалните установи од областа на културата,

ОСЛУо – осигурување на недвижности и права за локалните установи од областа на културата од соодветната општина,

ТПАКЛУо - трошоци за програмски активности од областа на културата за локалните установи од соодветната општина,

ПАКб – трошоци за програмски активности на локалните установи од областа на библиотекарството,

ПАКмсуд – трошоци за програмски активности на локалните установи од областа на музичката и сценско-уметничката дејност,

ПАКмкд – трошоци за програмски активности на локалните установи од областа на музејската и кинотечната дејност.

Член 5

Министерството за култура ќе ги преведува средствата за наменски дотации за локалните установи, на општините според динамика во договор со Министерството за финансии, согласно со Буџетот на Република Македонија за 2010 година.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1.01.2010 година.

Бр.19-2117/1
19 мај 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Ивица Боцевски, с.р.

1112.

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.05.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЗАКУПНИНА НА СТАН

Член 1

Со оваа одлука се уредува начинот и постапката за остварување на надоместокот за закупнина на стан на лица избрани и именувани за вршење јавни и други функции утврдени со Уставот и закон.

Член 2

Надоместок за закупнина на стан, лицата од член 1 на оваа одлука можат да остварат доколку не постојат услови да остварат право на закуп на стан од станбениот фонд сопственост на Република Македонија.

Член 3

Надоместок за закупнина на стан се остварува врз основа на писмено барање поднесено од лицата од член 1 на оваа одлука, кое содржи:

- назив на функцијата на која е избрано или именувано лицето;
- лична изјава заверена кај нотар дека барателот и членовите на неговото потесно семејство немаат во сопственост или под закуп стан или куќа во површина најмалку од 80 м/2 во местото на вршење на функцијата; и
- изјава за просторната оддалеченост од местото на живеење на избраното или именуваното лице до местото каде што ја извршува функцијата.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува до Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Македонија.

По поднесеното барање од ставот 1 на овој член, Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Македонија донесува решение со кое решава за барањето.

Член 4

Надоместок за закупнина на стан на избраното или именуваното лице му следува во случај кога местото на живеење е оддалечено повеќе од 100 километри од местото на вршење на функцијата.

Член 5

На лицата избрани и именувани за вршење јавни и други функции утврдени со Уставот и закон на кои им е признат надоместокот за закупнина на стан им се признаваат трошоците за комунални услуги за користење на стан и тоа:
- за избрано и именувано лице се признава право на реални трошоци за платени комунални услуги најмногу до 100 Евра во денарска противвредност според средниот курс утврден од страна на Народната Банка на Република Македонија на денот на плаќањето.

Трошоците за комунални услуги за користење на стан од ставот 1 на овој член се исплаќаат од сметка на органот во кој што носителот на ова право ја врши функцијата за која што е избран или именуван.

Останатите трошоци за комунални услуги за користење на стан, над признати согласно став 1 на овој член се на товар на закупувачот на станот.

Член 6

Надоместокот за закупнина на стан, лицата од член 1 на оваа одлука го остваруваат од денот на склучувањето на договорот за закуп, но не порано од денот на изборот, односно именувањето на јавната или друга функција.

Член 7

Заради остварување на надоместокот за закупнина, лицата од член 1 на оваа одлука покрај решението со кое е утврдено правото, до органот во кој го остварува правото на закуп доставува и договор за закуп на стан заверен кај нотар и доказ дека договорот за закуп е пријавен во Управата за јавни приходи.

Член 8

Надоместокот за закупнина на стан се исплаќа од сметка на органот во кој што носителот на ова право ја врши функцијата за која што е избран или именуван.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-442/2
19 мај 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

1113.

Врз основа на член 4 точка (6) од Законот за Агенција за регулирање на пазарот на железничките услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.05.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИТЕ УСЛУГИ

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутот на Агенцијата за регулирање на пазарот на железничките услуги, донесен од Управниот одбор на оваа агенција, на седницата одржана на 20.02.2009 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-1831/1
19 мај 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Ивица Боцевски, с.р.

1114.

Врз основа на член 20 став 1 и член 27-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.05.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИТЕ УСЛУГИ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник – ЈП Македонски железници Инфраструктура, му престанува користењето на делот од недвижна ствар – Деловен простор на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин“ бр. 40 мезанин, со површина од 180 м2 по Имотен лист бр. 9162, сопственост на Република Македонија.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на користење без надомест на Агенцијата за регулирање на пазарот на железничките услуги.

Член 3

Примопредавање на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука да се изврши помеѓу ЈП Македонски железници Инфраструктура и Агенцијата за регулирање на пазарот на железничките услуги, во рок од 7 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-1991/1
19 мај 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Ивица Боцевски, с.р.

1115.

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.05.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК НА КОРИСТЕЊЕ И ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД НЕДВИЖНА СТВАР ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ – ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Во Одлуката за престанок на користење и давање на користење на дел од недвижна ствар во државна сопственост – градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/05), во член 1 став 1 зборовите: „со површина од 487 м^2“ се заменуваат со зборовите: „со површина од 1122 м^2“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2103/1
19 мај 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Ивица Боцевски, с.р.

1116.

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06 и 110/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.05.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ЕДИНИЦА НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНА АКТИВНОСТ ВО ОДЕСА, УКРАИНА

1. За учество во ПзМ вежбовна активност „SEA BREEZE” (во натамошниот текст: вежбовната активност), која ќе се одржи во Одеса, Украина, во период од 13 до 28 јули 2009 година, се испраќа единица на Армијата на Република Македонија во состав од 28 (дваесет и осум) припадници на постојаниот состав на Армијата.

2. Финансиските трошоци за реализација на вежбовната активност, во кои влегуваат транспортот, сместувањето и исхраната на учесниците во вежбовната активност ги обезбедува Министерството за одбрана на Република Македонија.

3. Подготовките и организацијата на учесниците во вежбовната активност, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на вежбовната активност, Министерството за одбрана поднесува извештај пред Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-2119/1
19 мај 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Ивица Боцевски, с.р.

1117.

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06 и 110/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.05. 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ЕДИНИЦА НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНА АКТИВНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА

1. За учество во ПзМ вежбовна активност „MEDCUER” (во натамошниот текст: вежбовната активност), која ќе се одржи во Белград, Република Србија, во период од 31 август до 14 септември 2009 година, се испраќа единица на Армијата на Република Македонија во состав од 12 (дванаесет) припадници на постојаниот состав на Армијата.

2. Финансиските трошоци за реализација на вежбовната активност, во кои влегуваат транспортот, сместувањето и исхраната на учесниците во вежбовната активност ги обезбедува Министерството за одбрана на Република Македонија.

3. Подготовките и организацијата на учесниците во вежбовната активност, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на вежбовната активност, Министерството за одбрана поднесува извештај пред Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-2120/1
19 мај 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Ивица Боцевски, с.р.

1118.

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06 и 110/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.05.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ЕДИНИЦА НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНА АКТИВНОСТ ВО КИЕВ, УКРАИНА

1. За учество во ПзМ вежбовна активност „RAPID TRIDENT” (во натамошниот текст: вежбовната активност), која ќе се одржи во Киев, Украина, во период од 4 до 19 септември 2009 година, се испраќа единица на Армијата на Република Македонија во состав од 12 (дванаесет) припадници на постојаниот состав на Армијата.

2. Финансиските трошоци за реализација на вежбовната активност, во кои влегуваат транспортот, сместувањето и исхраната на учесниците во вежбовната активност ги обезбедува Министерството за одбрана на Република Македонија.

3. Подготовките и организацијата на учесниците во вежбовната активност, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на вежбовната активност, Министерството за одбрана поднесува извештај пред Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-2121/1
19 мај 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Ивица Боцевски, с.р.

1119.

Врз основа на член 54, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр.8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 19.05.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ БЕЗ НАДОМЕСТ

Член 1

Со оваа одлука од досегашниот корисник Генерален Секретаријат на Влада на Република Македонија се дава без надомест на времено користење од 2 (две) години движни ствари и тоа 4 (четири) компјутери (PC Lenovo со Инвентарен број 080372, со монитор 15'' Lenovo и тастатура, PC HP со Инвентарен број 080372, со монитор 15'' HP L1710 и тастатура, PC HP Compaq со Инвентарен број 080371, со монитор HP L1710 и тастатура и PC HP Compaq со Инвентарен број 080243, со монитор HP L1710 и тастатура) и 5 (пет) компјутери HP Compag dx2400n Business Dessktop PC со 5 (пет) монитори 15'', 1 (еден) печатар (Hewlett Packard LaserJet 4050 TN со Инвентарен број 05985), 1 (една) фотокопир машина (XEROX KR 059K со сериски број 54622 – 825 – 0000000067, 1 (една) факс машина (CANON SUPER G3 со Инвентарен број 070134), 5 (пет) оперативни ситеми Windows XP Profesional и 5 (пет) заштитни софтвери, на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Член 2

Генералниот Секретар на Владата на Република Македонија ќе склучи договор со Претседателот на Државната комисија за жалби по јавни набавки, за правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на времено користење без надомест.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-2149/1
19 мај 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Ивица Боцевски, с.р.

1120.

Врз основа на член 27-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.05.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР

Член 1

Со оваа одлука на Министерството за одбрана му престанува користењето на недвижните ствари: земјиште со вкупна површина од 20.000,00 м2, и објектите бр. 12, 13, 14, 16, 17, 18, 19, 20, 22, 23 и 24 со површина од 1.808,00 м2, лоцирани на К.П. бр. 6727 за КО Гевгелија, сопственост на Република Македонија, евидентирани во Имотен лист бр. 14 на Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија - Центар/Одделение за катастар и недвижности Гевгелија.

Недвижните ствари од став 1 на овој член се даваат на трајно користење на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип.

Член 2

Примопредавањето на недвижната ствар ќе се изврши помеѓу Министерството за одбрана и Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2204/1
19 мај 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

1121.

Врз основа на член 4 став 2 член 10 став 2 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.05.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАБОТА ВО КРИЗНА СОСТОЈБА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат трговските друштва кои се од посебно значење за работа во кризна состојба.

Член 2

Трговски друштва од посебно значење за работа во кризна состојба од аспект на вршење на дејност со која во друштвото или надвор од него при определени настани можат да се доведат во значителна опасност добрата, здравјето и животот на луѓето, животните, растенијата и безбедноста на Републиката се:

1. „Алкалоид“ – Скопје,
2. „Зегин“ – Скопје,
3. „Реплек“ – Скопје
4. „Македонија лек“ – Скопје,
5. „Промедика“ – Скопје,
6. „д-р Пановски“ – Скопје,
7. „Макпетрол“ – Скопје,
8. „ОКТА“ – Скопје,
9. „Охис“ – Скопје,
10. „Адинг“ – Скопје,
11. „Злетово-рудници“ – Пробиштип,
12. „Бучим“ – Радовиш,
13. „Тораница“ - Крива Паланка,
14. „Саса“ – Македонска Каменица,
15. „Злетово“ – Велес,
16. „Лук оил“ – Скопје,
17. „Топлификација“ – Скопје,
18. „Фени“ – Кавдарци,
19. „Силмак“ – Јагуновце.

Член 3

Трговски друштва од посебно значење за работа во кризна состојба од аспект на располагањето со енергетски, градежни, хемиски и телекомуникациски ресурси на национално ниво се:

1. „EVN“ – Скопје,
2. МЖ „Транспорт“ – Скопје,
3. „Макпетрол“ – Скопје,
4. „ОКТА“ – Скопје,
5. „Лук оил“ – Скопје,
6. „Пелагонија“ – Скопје,
7. „Гранит“ – Скопје,
8. „Бетон“ – Скопје,
9. „Маврово“ – Скопје,
10. „Охис“ – Скопје,
11. „Алкалоид“ – Скопје,
12. T-Home“ – Скопје,
13. „T-Mobile“ – Скопје,
14. „Cosmofon“ – Скопје,
15. „Vip“ – Скопје.

Член 4

Трговски друштва од посебно значење за работа во кризна состојба од аспект на располагањето со транспортни, прехранбени, складишни, ветеринарни, лабораториски и комунални ресурси на територијата на функционалната зона „север“ што ги опфаќа територите на општините: град Скопје, Центар, Бутел, Чаир, Чучер Сандево, Шутка, Гази Баба, Арачиново, Илинден, Петровец, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Куманово, Липково, Нагоричане, Кратово, Ранковце и Тетово, Боговиње, Брвеница, Јегуновце, Теарце, Желино, Гостивар, Маврово – Ростуше, Врапчиште се:

1. „Руле Турс“ – Скопје,
2. „Жито лукс“ – Скопје,
3. „Жито Скопје“ – Скопје,
4. „Жито полог“ – Тетово,
5. „Златен клас“ – Куманово,
6. „Скопски Пазар“ – Скопје,
7. „Фершпед“ – Скопје,
8. „Ветеринарна болница“ – Скопје,
9. „Ветеринарна станица“ – Тетово,
10. „Мак стил“ – Скопје,
11. „Митал Стил“ – Скопје,
12. „Мак контрол“ – Скопје,
13. „Бутел“ – Скопје,

14. ДВУ „Праксис“ Зуфер ДООЕЛ Желино, Тетово,

15. ДТУ „Ветеринарна станица Тетово“ Зоран и др. ДООЕЛ увоз-извоз – Тетово,

16. ДПВД Ветеринарна станица „ВЕТ – Теарце“ ДООЕЛ Тетово, Тетово.

Член 5

Трговски друштва од посебно значење за работа во кризна состојба од аспект на располагањето со транспортни, прехранбени, складишни и ветеринарни ресурси на територијата на функционалната зона „запад“ што ги опфаќа териториите на општините: Битола, Могила, Новаци, Демир Хисар, Ресен, Крушево, Македонски Брод, Пласница, Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Охрид, Дебарца, Струга, Вевчани, Дебар, Центар Жупа, Кичево, Другово, Вранештица, Зајас, Осломеј се:

1. „Галеб“ – Охрид,
2. „Транскоп“ – Битола,
3. „Жито Битола“ – Битола,
4. „ИБМ „Млекара – Битола,
5. „Ф-ка за шеќер „4. ноември“ – Битола,
6. „Агроплод“ – Ресен,
7. „Жито леб“ – Охрид,
8. „Кланекс“ – Прилеп,
9. „ЕМО“ – Охрид,
10. „Ветеринарна станица“ ДОО – Битола.

Член 6

Трговски друштва од посебно значење за работа во кризна состојба од аспект на располагањето со транспортни, прехранбени, складишни и ветеринарни ресурси на територијата на функционалната зона „исток“ што ги опфаќа териториите на општините: Штип, Карбинци, Свети Николе, Лозово, Берово, Пехчево, Делчево, Македонска Каменица, Пробиштип, Виница, Кочани, Облешево, Зрновци, Велес, Чашка, Градско, Кавадарци, Росоман, Неготино, Демир Капија, Струмица, Босилово, Василево, Ново Село, Гевгелија, Богданци, Дојран, Радовиш, Конче, Валандово се:

1. „Млаз“ – Богданци,
2. „ТранШпед – Македонија“ – Струмица,
3. „Балкан експрес“ – Штип,
4. „Жито Струмица“ – Струмица,
5. Винарска визба „Тиквеш“ – Кавадарци,
6. „Жито Вардар“ – Велес,
7. „Благој Ѓорев“ – Велес,
8. Месна индустрија и кланица „МИК“ – Свети Николе,
9. „Брилијант“ – Штип,
10. „Макпрогрес“ – Штип,
11. РИК „Силекс“ – Кратово,
12. „Ветеринарна станица“ – Струмица.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-2206/1
19 мај 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Ивица Боцевски, с.р.

1122.

Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/97, 54/97, 13/01, 2/02 и 54/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.05.2009 година, издава

Л И Ц Е Н Ц А
ЗА ПОСТОЈАНО ПРИРЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ

1. Лиценца за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб се издава на Друштвото за производство, трговија и услуги "ЕУРОГЕЈМС" експорт-импорт ДООЕЛ Охрид, за време од 6 (шест) години.

2. Приредувањето на посебните игри на среќа во автомат клуб ќе се врши во автомат клубот што се наоѓа во деловната просторија на ул."Партизанска" бб, зграда "Ремис" во Охрид.

3. Во автомат клубот, корисникот на Лиценцата за приредување на посебните игри на среќа, ќе постави 16 автомати за игри на среќа и 2 автомати за игри на среќа на кој истовремено можат да учествуваат повеќе играчи.

4. Корисникот на Лиценцата е должен да плати надоместок за Лиценцата кој изнесува 72.800 евра, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија што се применува на денот на уплата и тоа:

- 50% од износот, 36.400 евра, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија да уплати на денот на доделувањето на Лиценцата и

- остатокот од 50% во еднакви годишни рати, најдоцна до 30 јануари во тековната година за секоја година додека трае Лиценцата, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата.

Уплатата на средствата од алинеите 1 и 2 на оваа точка се вршат во Буџетот на Република Македонија на Трезорска сметка 100000000063095, уплатна сметка број 840-62207, приходно конто 718113, програма 00 и банка на примачот: Народна банка на Република Македонија.

Потврдата за уплатениот износ од алинеја 1 на оваа точка корисникот на Лиценцата ја доставува до Министерството за финансии.

Корисникот на Лиценцата ги доставува до Министерството за финансии и потврдите за уплатените годишни рати, од алинеја 2 на оваа точка.

5. Лиценцата корисникот не може да ја пренесе.

6. Доколку од страна на корисникот на Лиценцата не биде платен надоместокот за плаќање на Лиценцата од точка 4, алинеите 1 и 2, Лиценцата се одзема.

7. Корисникот на Лиценцата со право на приредување на играта на среќа за која е издадена Лиценцата, се стекнува по уплатата на првиот надоместок за плаќање на Лиценцата утврден во точка 4, алинеја 1.

8. Оваа лиценца се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-2155/1
19 мај 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Ивица Боцевски, с.р.

1123.
Врз основа на член 35 став 1 од Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08 и 20/09) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00,12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08 и 88/08) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 19.05.2009 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТНИ МЕРКИ

Член 1

Се формира Комисија за заштитни мерки (во натамошниот текст: Комисија).

1. За претседател и заменик претседател на Комисијата се именуваат:
- д-р Фатмир Бесими, министер за економија, претседател;
- д-р Методиј Хаџи - Васков, заменик министер за економија, заменик претседател.

2. За членови на Комисијата се именуваат:
- Катерина Костеска, државен секретар во Министерство за економија;
- Даринка Пановска, Министерство за економија;
- Ѓорги Илиев, Царинска управа на Република Македонија;
- Крум Ефремов, Министерство за надворешни работи;
- Зоран Глигоров, Министерство за финансии;
- Маја Леова - Димеска, Управа за јавни приходи;
- Татјана Вета, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; и
- Виолета Крстева, Државен завод за статистика.

3. За заменици на членовите на Комисијата се именуваат:
- Билјана Д. Стојановска, Министерство за економија;
- Илир Шабани, Министерство за економија;
- Марика Иванова, Царинска управа на Република Македонија;
- Блага Марковска, Министерство за надворешни работи;
- Ленка Петковска, Министерство за финансии;
- Љупчо Јовановски, Управа за јавни приходи;
- Васе С. Бошкова, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Сузана Срчокова, Државен завод за статистика.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за формирање на Комисија за заштитни мерки при зголемен и субвенциониран увоз ("Службен весник на Република Македонија" бр. 51/04, 28/05 и 129/06).

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-2162/1
19 мај 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Ивица Боцевски, с.р.

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1124.

Врз основа на 52 став (4) и член 54 став (1) од Законот за инвестициони фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2009), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на 18.05.2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. На Друштвото за управување со фондови ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје со седиште на ул.„Даме Груев“ бр. 5, блок 3 во Скопје, се дава одобрение за измени и дополнувања на:

- Статутот на ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА – отворен инвестиционен фонд донесен на ден 27.09.2007 година и изменет со Одлука за измена и дополнување на Статутот на фондот донесена на ден 09.04.2009 година и на
- Проспектот на ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА – отворен инвестиционен фонд донесен на ден 27.09.2007 година и изменет со Одлука за измена и дополнување на Проспектот на фондот донесена на ден 09.04.2009 година.

2. Измените и дополнувањата на актите од точка 1 на ова решение се вршат согласно Одлуката бр. 07-17/9 за измена и дополнување на Статутот на ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА – отворен инвестиционен фонд донесена од Одборот на директори на ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје на ден 09.04.2009 година и Одлуката бр. 07-17/10 за измена и дополнување на Проектот на ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА – отворен инвестиционен фонд донесена од Одборот на директори на ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје на ден 09.04.2009 година.

3. Се задолжува Друштвото за управување со фондови ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје по добивање на ова решение да изврши измена на точката 10-Основна главнина, права и обврски на друштвото во Проспектот на ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА – отворен инвестиционен фонд со цел усогласување со останатите податоци од истиот и настанатите промени да ги внесе во содржината на Статутот и на Проспектот на ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА – отворен инвестиционен фонд.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1258/4 Комисија за хартии од вредност
18 мај 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

1125.

Врз основа на 52 став (4) и член 54 став (1) од Законот за инвестициони фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2009), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на 18.05.2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. На Друштвото за управување со фондови ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје со седиште на ул.„Даме Груев“ бр. 5, блок 3 во Скопје, се дава одобрение за измени и дополнувања на:

- Статутот на ИЛИРИКА ГЛОБАЛ РАСТЕЧКИ – отворен инвестиционен фонд донесен на ден 27.09.2007 година и изменет со Одлука за измена и дополнување на Статутот на фондот донесена на ден 09.04.2009 година и на
- Проспектот на ИЛИРИКА ГЛОБАЛ РАСТЕЧКИ – отворен инвестиционен фонд донесен на ден 27.09.2007 година и изменет со Одлука за измена и дополнување на Проспектот на фондот донесена на ден 09.04.2009 година.

2. Измените и дополнувањата на актите од точка 1 на ова решение се вршат согласно Одлуката бр. 07-17/7 за измена и дополнување на Статутот на ИЛИРИКА ГЛОБАЛ РАСТЕЧКИ – отворен инвестиционен фонд донесена од Одборот бр. 07-17/8 на директори на ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје на ден 09.04.2009 година и Одлуката за измена и дополнување на Проектот ИЛИРИКА ГЛОБАЛ РАСТЕЧКИ – отворен инвестиционен фонд донесена од Одборот на директори на ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје на ден 09.04.2009 година.

3. Се задолжува Друштвото за управување со фондови ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје по добивање на ова решение настанатите промени да ги внесе во содржината на Статутот и на Проспектот на ИЛИРИКА ГЛОБАЛ РАСТЕЧКИ – отворен инвестиционен фонд.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1259/4 Комисија за хартии од вредност
18 мај 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1126.

Врз основа на член 19, алинеја 7 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр. 63/06, 36/07 и 106/08), член 28 од Законот за акцизите („Службен весник на РМ” бр. 32/01, 50/01, 52/01 , 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ“ бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03 и 19/04), Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 26.05.2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР - 95	до 24,292
- ЕУРОСУПЕР - 98	до 25,336
- МБ-96 (ПРЕМИУМ)	до 24,127
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV)	до 21,861
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	до 21,514
г) Мазут	ден/кг
- М-2	до 17,951

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР - 95	до 59,00
- ЕУРОСУПЕР - 98	до 60,00
- МБ-96 (ПРЕМИУМ)	до 62,00
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV)	до 44,50
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	до 33,50
г) Мазут	ден/кг
- М-2	до 21,831

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката "г" и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

НАФТЕН ДЕРИВАТ	(2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит	(3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит	(4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит
ЕУРОСУПЕР - 95	58,50	58,00	57,50
ЕУРОСУПЕР - 98	59,50	59,00	58,50
МБ - 96 (ПРЕМИУМ)	61,50	61,00	60,50
ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV)	44,00	43,50	43,00
Е Л -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1	33,00	32,50	32,00

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цената за мазутот М-2, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-2 важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цената за мазутот М-2, содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР - 95	до 0,080
- ЕУРОСУПЕР - 98	до 0,080
- МБ-96 (ПРЕМИУМ)	до 0,150
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV)	до 0,030
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	до 0,040
г) Мазут	ден/кг
- М-2	до 0,050

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР - 95	до 21,928
- ЕУРОСУПЕР - 98	до 21,731
- МБ-96 (ПРЕМИУМ)	до 24,565
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV)	до 12,121
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	до 3,136
г) Мазут	ден/кг
- М-2	до 0,100

Член 5

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

НАФТЕН ДЕРИВАТ	Ед. мерка	(1 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(2 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(3 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(4 ГРУПА НА ЦЕНИ)
ЕУРОСУПЕР - 95	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
ЕУРОСУПЕР - 98	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
МБ - 96 (ПРЕМИУМ)	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV)	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
Е Л 1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
МАЗУТ М - 2	ден/кг	0,400	0,400	0,400	0,400

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 00,01 часот на 27.05.2009 година.

Бр. 02-1259/1
26 мај 2009 година
Скопје

Заменик претседател,
Владко Гаврилов, с.р.

АКАДЕМИЈА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

1127.

Врз основа на член 79, став 1 од Статутот на Академија за обука на судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија” бр. 99/06) и член 8 од Правилникот за начинот и постапката за полагање и оценување на квалификационен тест во Академијата за обука на судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/08), Комисијата за квалификација и прием на кандидати во Академијата, на првата седница одржана на 22.05.2009 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Член 1

Квалификациониот тест за прием на кандидати за следење на Програмата за почетна обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители и нивни заменици на Република Македонија за 2009/2010 година, ќе се одржи на 3 јуни 2009 година, во 10.00 часот, Амфитеатар II (кандидатите да бидат во 09.00 часот) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Член 2

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Член 3

Одлуката да се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и во дневните весници „Вечер“ и „Fakti“, како и на интернет страницата и огласната табла на Академијата.

Бр. 07-338/1
22 мај 2009 година
Скопје

Претседател на
Комисија за квалификација
и прием на кандидати
Судија на Врховен суд на
Република Македонија,
Николчо Николовски, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

1128.

Врз основа на член 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/2001, 26/2002, 46/2002, 37/2005, 121/2007 и 161/2008), Министерството за труд и социјална политика

О Б Ј А В У В А

1. Стапката на трошоците на живот за месец април 2009 година, во однос на месец март 2009 година, е пониска за 0.2%.

2. Исплатата на платите за месец април 2009 година, во однос на месец март 2009 година, работодавачите од членот 3 став 1 ја вршат на нивото на правото утврдено за претходниот месец.

Министер,
Џељаљ Бајрами, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.
Претплатата за 2009 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2009065